# III. Надворешно-трговски и девизни движења во Република Македонија

## Основни индикатори за надворешно-трговските и девизните движења

| | месец | Износ (милиони УСД) | Месечни промени во % | I-VII. 2003 (милиони УСД) | Промени во % |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во однос на ист период од претходната година |
| **Надворешно-трговска размена** | VII.2003 | 315,4 | 5,4 | 2.076,7 | 21,5 |
| **Извоз** | VII.2003 | 122,7 | 3,5 | 773,3 | 24,6 |
| **Увоз** | VII.2003 | 192,7 | 6,6 | 1.303,4 | 19,7 |
| **Салдо** | VII.2003 | -70,0 | 12,4 | -530,1 | 13,3 |
| | | | | | во однос на крајот од претходната година |
| **Надворешен долг на РМ** | VII.2003 | 1.624,9 | 0,1 | - | 7,1 |
| **Девизен курс на девизен пазар** (денари за единица странска валута) | VII.2003 | | | | |
| **МКД / УСД** | | 53,63 | -0,1 | | -8,5 |
| **МКД / ЕВРО** | | 61,24 | -0,1 | | 0,3 |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.

## 3.1. Надворешно-трговска размена[5]

*Надворешно-трговската размена во јули 2003 година е зголемена за 5,4% на месечна основа...*

Обемот на стоковната размена на Република Македонија со странство во јули 2003 година оствари месечен пораст од 5,4% и изнесуваше 315,4 милиони САД долари. Притоа, извозот се зголеми за 3,5% и изнесуваше 122,7 милиони САД долари, додека увозот се зголеми за 6,6% и изнесуваше 192,7 милиони САД долари. Дефицитот на трговскиот биланс изнесуваше 70,0 милиони САД долари и на месечна основа е зголемен за 12,4%. Во јули 2003 година покриеноста на увозот со извоз се намали за 1,9 процентни поени и се сведе на 63,7%. Порастот на извозот се должи на зголемениот извоз[6] на облека и текстил (за 23,2%) и железо и челик (за 16,3%), кои следствено имаа доминантно структурно учество од 31,6% и 21,6%, соодветно. Во структурата на увозот доминираа увозот за доработка (21,2%) и минералните горива (9,4%). Притоа, висок месечен пораст е регистриран кај увозот на минерални горива (за 46,9%), а во рамки на увозот за доработка пораст од 5,1% е регистриран кај категоријата текстил (со учество од 15,7% во вкупниот увоз).

*...при подинамичен пораст на увозот од извозот*

На годишна основа (јули 2003 / јули 2002 година) беше регистриран пораст на вкупниот обем на стоковна размена од 5,4%, при пораст на извозот и увозот од 8,1% и 3,8%, соодветно. Трговскиот дефицит во платниот биланс забележа пад од 3,0% на годишна основа.

Графикон 21
Извоз, увоз и салдо на надворешно-трговската размена
(во милиони САД долари)




*Во периодот јануари-јули 2003 година стоковната размена оствари кумулативен пораст од 21,5%*

Обемот на стоковната размена на Република Македонија со странство во периодот јануари-јули 2003 година во однос на истиот период од минатата година оствари пораст од 21,5%, достигнувајќи 2.076,7 милиони САД долари. Извозот во овој период оствари пораст од 24,6% и изнесуваше 773,3 милиони САД долари, а увозот се зголеми за 19,7%, достигнувајќи 1.303,4 милиони САД долари. Од аспект на извозот, највисок кумулативен пораст бележи извозот на железо и челик (73,0%) и облека (26,6%). На страната на увозот, најголем пораст е регистриран кај увозот на минерални горива (34,1%), како и кај увозот на железо и челик за доработка (79,3%) и текстил за доработка (30,3%). Покриеноста на увозот со извоз во периодот јануари-јули 2003 година изнесува 59,3% што претставува

[5] Претходни податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија. Извозот на стоки е прикажан на ф.о.б. основа, додека увозот на стоки е прикажан на ц.и.ф. основа.
[6] Според поделбата на производи по тарифни броеви.

подобрување за 2,3 процентни поени во однос на истиот период од претходната година.

***Европската Унија - доминантна групација на земји во стоковната размена на Република Македонија***

Во периодот јануари-јули 2003 година, во трговските односи со Европската Унија (ЕУ) беа реализирани 55,2% од вкупниот извоз и 45,2% од вкупниот увоз на Република Македонија. Притоа, извозот кон ЕУ оствари пораст од 32,7%, увозот се зголеми за 18,5%, а покриеноста на увозот со извоз со ЕУ изнесува 72,4%. Во анализираниот период, пласманот кон републиките од поранешна СФРЈ се зголеми за 13,3%, а увозот се зголеми за 15,3%, при што покриеноста на увозот со извоз со оваа групација на земји изнесуваше 90,9%. Македонскиот извоз кон земјите од Централна и Источна Европа[7] оствари значително помал пораст (13,3%) наспроти порастот на увозот од овие земји (27,2%), при што покриеноста на увозот со извоз изнесуваше 13,2%.

Графикон 22
Стоковна размена на Република Македонија според групации на земји, I-VII.2003 година







Најзначајни надворешно-трговски партнери на Република Македонија за периодот јануари-јули 2003 година се: Германија (со учество од 15,9% во вкупната размена), Грција (со 14,4%) и Србија и Црна Гора (со 13,2%). Притоа, извозот кон Германија бележи зголемување од 16,8%, а увозот за 12,2%; извозот кон Грција е повисок за 63,1%, а увозот е за 46,5%; извозот кон Србија и Црна Гора е зголемен за 11,9%, а увозот е повисок за 25,5%. Притоа, покриеноста на увозот со извоз со трите најзначајни партнери - Германија, Грција и Србија и Црна Гора изнесува 93,5, 52,7% и 122,5%, соодветно. Во однос на истиот период од минатата година, покриеноста на увозот со извоз е зголемена со Германија (за 3,7 процентни поени), а намалена со Грција (за 5,4 процентни поени) и Србија и Црна Гора (за 14,8 процентни поени).

[7] Во оваа групација на земји влегуваат и поранешните Советски републики.